РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 17 - 160/2
26.04 2012 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,17/11 и 51/11), Одборот за акредитација и евалуација на 8. седница одржана на 29.03.2012 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**со кое се акредитира елаборатот за организирање на втор циклус магистерски студии – студии на културата на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**

1. Се акредитира **елаборатот за организирање на втор циклус магистерски студии – студии на културата на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје,** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма по Студии на културата на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, во траење од една година (два семестри).

3. По завршените студии на вториот циклус, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со научниот назив: **Магистер по студии на културата,** научно-истражувачко подрачје: Интердисциплинарни студии, Општествени и хуманистички науки, научно истражувачки полиња: Антропологија, Социологија, Филозофија, Политички науки.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Институтот за општествени и хуманистички науки на приватниот научен институт „Институт за општествени и хуманистички науки" Скопје - Скопје за давање согласност за организирање на втор циклус на студии (академски), поднесе Елаборат за акредитација на студиска програма бр.17-160/1 од 23.03.2012 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за прифаќање и акредитација на студиската програма по студии на културата.

Одборот за акредитација на меѓуседница 7/8 формира експертска комисија и на 8. седница одржана на 29.03.2012 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Одборот за акредитација и евалуација**
**на високото образование**
**Проф. д-р Михаил Петковски**